Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

27 Мај, 2024 година

Архивски број: 67-364/7

Министерството за транспорт и врски, решавајќи по барањето од Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги „Квадар“ доо Скопје, број 0302-827/4 од 01.04.2024 година, и дополна на барањето за одобрување со број 0302-827/5 од 16.05.2024 година, ополномоштено од „Интер Дигитал“ ЛТД дооел Битола, за одобрување на ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА НА КП 44/4 И КП 47/5, К.О. АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ, изработена од „Квадар“ доо Скопје, со тех. број 0701-827 од мај 2024 година (постапка во информацискиот систем е-урбанизам број 60994), заведено во архивата на министерството под број 67-364/4 од 03.04.2024 година и дополна на барањето заведено под број 67-364/5 од 21.05.2024 година, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 124/15), го донесува следното:

## РЕШЕНИЕ

СЕ ОДОБРУВА ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА НА КП 44/4 И КП 47/5, К.О. АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ, изработена од „Квадар“ доо Скопје, со тех. број 0701-827 од мај 2024 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги „Квадар“ доо Скопје, ополномоштено од „Интер Дигитал“ ЛТД дооел Битола, изработи и достави барање за одобрување на ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА НА КП 44/4 И КП 47/5, К.О. АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ.

Комисијата за урбанизам формирана од Министерот за транспорт и врски со Решение број 02-694/1 од 29.01.2024 година, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување број 67-364/6 од 27.05.2024 година.

Во прилог на постапката се приложени:
- Полномошно од „Интер Дигитал“ ЛТД дооел Битола за Биљана Петрова управител на „Квадар“ доо Скопје за поднесување и подигнување на документација потребна за одобрување на предметниот урбанистички план,
- Услови за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со У11124 од март 2024 година,
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, број УП1-15 655/2024 од 25.03.2024 година, обезбедено во релевантна постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ број 59654,
- Податоци и информации во однос на намените на земјиште и планираните градби од општина Новаци, број 09-149/2 од 02.02.2024 година,
- ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА НА КП 44/4 И КП 47/5, К.О. АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ, изработена од „Квадар“ доо Скопје, со тех. број 0701-827 од мај 2024 година.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

Министерството за транспорт и врски по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување број 67-364/6 од 27.05.2024 година на Планската програма од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, бр. 219/21 и 104/22).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Министер**

**Благој Бочварски**

Blagoj Bochvarski

Digitally signed by Blagoj Bochvarski
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4030990278246, o=MINISTERSTVO ZA TRANSPORT I VRSKI, ou=MINISTERSTVO ZA TRANSPORT I VRSKI:4030990278246, givenName=Blagoj, sn=Bochvarski, serialNumber=CRT3646369, cn=Blagoj Bochvarski
Date: 2024.05.27 15:55:29 +02'00'

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа

Одобрил: Весна Андриевска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk